Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија
тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -1706/14
од 12 -05- 2025година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 10 и член 45 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас 85/2025

1.За извршител на работно место **Самостоен референт-администратор во месна заедница Пинтија, одделение за месни заедници и невладини организации, Сектор за месна самоуправа и социјална заштита- 1 извршител**, со шифра на работно место **УПР0101Г01000**, се избира кандидатот
**- Марјанчо Кофилоски со идентификациски код 0F3DED4 .**

2.Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Во врска со Јавен Оглас бр.85/2025 објавен на ден 28.03.2025 година на веб страна на агенција за адмиистрација и во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха за потреба од вработување на административни службеници- 1 извршител во Општина Кисела Вода за работно место Самостоен референт-администратор во месна заедница Пинтија, одделение за месни заедници и невладини организации, Сектор за месна самоуправа и социјална заштита, преку спроведување на постапка за вработување, Комисија за селекција за вработување по Јавен Оглас, формирана со Решение од Агенција за администрација бр.10-570/3 од 03.04.2025 година наш арх.бр.04-1706/8 од 14.04.2025 година, спроведе постапка за административна селекција за административен службеник со Записник бр.10-570/4 од 14.04.2025 година и наш арх.бр.04-1706/9 од 14.04.2025 година, Испит за административен службеник со Записник бр.10-570/5 од 28.04.2025 година и наш арх.бр.04-1706/10 од

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

28.04.2025 година, као и Записник за спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-570/6 од 07.05.2025 година и наш арх.бр.04-1706/11 од 08.05.2025 година.

Согласно член 45 од Законот за администраивни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), и врз основа на Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас бр.85/2025, со бр.10-570/7 од 07.05.2025 година и наш арх.бр.04-1706/12 од 08.05.2025 година, се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

Изработил/контролирал
Цветанка Тодоровска

**Одобрил**
Раководител на Сектор
Николче Гроздановски

**Согласен**
М-р Мирко Ивановски

**Градоначалник**
**на Општина Кисела Вода**
**Орце Ѓорѓиевски**

Доставено до:
- Именуваниот
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива